Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ОДГ "Распеана Младост" - Скопје,** за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење и кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) и тоа:сечење на 1(едно) дрво (бреза),како и кастрење на 2 (две) дрва (бреза и кедар), кои се наоѓаат **во дворот на градинката на ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 6 – Скопје.**
2.Сечењето и кастрењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето и кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот , во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на едно дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исеченото стебло.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ОДГ "Распеана Младост", ул. "Руѓер Бошковиќ" бр. 6 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/157** од **17.03.2023** година, за сечење и кастрење на дрвја, кои се наоѓаат **во дворот на градинката на ул. „Руѓер Бошковиќ" бр. 6 – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвото што е за сечење е целосно суво (мртво дрво) и постои опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета, и не постојат услови за пресадување на дрвото,додека пак од дрвата што се за кастрење брезата има суви и кршливи гранки кои паѓаат во дворното место, а пак кедарот има неуредна крошна и широкоразгранети гранки надвиснати над објектот.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило,дека едно дрво треба да се исече, од причина што е во состојба во која не постојат услови за пресадување додека преостанатите дрва треба да се искастрат. За дрво за кое е дозволено сечење на барателот му е наметнато компензациско садење,

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/157/2**
**29.03.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива
изготвил:

**Игор Трпковски**

контролирал:

**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

**Зоран Лапевски**